**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-**

# З А П И С Н И К

**Од 153.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 21.06.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>/ |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид кризата во државата,151.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 13:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 152 седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување на Информации по заклучоци од Програмскиот совет на МРТ и преглед за евидентирани фактури во делот на програмски права.

3. Разно.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 152.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 152.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 152.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.

По извршеното гласање се констатира дека записникот од 152.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен** од Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 2:**Разгледување на на Информации по заклучоци од Програмскиот совет на МРТ и преглед за евидентирани фактури во делот на програмски права.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац истакна дека од страна на Директорот доставени се договорите кои биле побарани а се однесуваат на периодот од април 2020 до април 2021 година како и список на програми кои се одобрени од Комисијата за избор на програми, а со кои не е потпишан договор.
На воведот на Претседателката на Програмскиот совет со свое излагање се надоврза и Заменик претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија, кој побара до Програмскиот совет на МРТ да биде доставен договорот со ДВД Плус Дооел поради тоа што на претходните седници било истакнато дека немало ни барање, ни договор со ДВД Плус Дооел, а од приложените материјали се гледа дека имало одлука. Имено на една од претходните седници било истакнато дека во врска со СП во ракомет немало барање туку дека ДВД Плус Дооел излегло во пресрет на МРТ, а од метеријалите се гледа дека имало барање.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац истакна дека врз основа на доставената листа увидела дека има околу 20тина наслови(филмови, копродукции, спортски настани) по што исткана дека се малку. Исто така спомна дека во неколку наврати Директорот на МРТ истакнал дека при купувањето на програма не се преговара за цените, дека колку што се бара толку се плаќа, што може да се забележи од потрошеното, затоа што има доста потрошено, а за сметка на тоа се малку проекти, по што напомена дека треба Надзорниот одбор на МРТ да даде мислење по однос на оваа тема, односно дека треба да се отвори темата за процесот на купување на програма
Илир Рамадани по однос на оваа точка истакна дека увидел дека некои од проектите не се усвоени, но не се ни одбиени, односно дека не е јасна ситуацијата особено што во одлуките на Комисијата стои дека проектите повторно ќе бидат разгледани штом се добие потврда дека има средства во финансискиот план. Ова значи дека комисјата не ги одбила овие прокети, но и дека ги нема ни одобрено што доведува до забуна и според него комисијата треба да донесе одлука дали е одобрен проектот или одбиен што би било јасна слика за тоа што е прифатено или одбиено. Потоа постави прашање до Директорот на МРТ дали постои судир на интерес кај некои од членовите на Комисијата за избор на програма, односно дали членовите одлучуваат за проекти во кои тие учествуваат? И доколку има такви да бидат заменети со други членови.

ТОЧКА 3:**Разно.**
Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац побара да се информира Правната служба на МРТ со цел да го достави по однос на Заклучокт на Програмскиот совет на МРТ а кој сеоднесува на темата Канал 103.
Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ја отвори темата во врска со барањето на Воислав Доновиќ со кое бара да се утврди коефициент на сложеност за работното место Техничар во логистика 1 и истакна дека треба да се поведе Програмскиот совет на МРТ треба да поведе иницијатива за измена и дополнување на Колективниот договор. На тоа се надоврза Заменик претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија кој истакна дека поради тежината на работата како и врз основа на барањето на снимателите треба да се извршат корекции на коефициентите на оваа група на вработени. Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по дискусијата предложи Програмскиот совет на МРТ да донесе следниот **Заклучок**
- На седницата одржана на ден 21.06.2021 година Програмскиот совет на МРТ донесе заклучок да се задолжи Директорот на МРТ и надлежните служби да утврдат коефициент на сложеност за работното место Техничар во логистика 1, за кое до сега не беше утврден

коефициент на сложеност во Колективниот договор, како и да се утврди нов поголем коефициент на сложеност за работните места: Снимател камерман 1, Снимател камерман 2 и Снимател камерман 3 согласно одобрението на Директорот од дописот бр.03-3352/1 од 14.06.2021 година.
Заклучокот беше едногласно усвоен.

Седницата заврши во 13:30 часот.

Записничар
И.Тримчески

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател